10 -06- 2016

03 12385/1

Република Македонија
**ИЗВРШИТЕЛ**
**Зоран Петрески**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Скопје 1 и Скопје 2**
**тел.02 3 207-207**

Образец бр.51

**И.бр.406/2016**

Извршителот Зоран Петрески од Скопје, ул.Св.Климент Охридски бр.21 А/2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот ХАЛК банка АД Скопје со ЕМБС 4627148 и седиште на ул.Мито Хаџивасилев Јасмин бб, засновано на извршната исправа ОДУ бр.678/10 од 25.11.2010 година на нотар Светлана Лазаревиќ, против заложниот должник [redacted] од Скопје со ЕМБГ [redacted] и живеалиште на ул.[redacted], за спроведување на извршување во вредност ЕУР [redacted] во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, а за побарување од должникот [redacted] со ЕДБ [redacted] и ЕМБС [redacted] и седиште на ул.[redacted] Скопје на ден 09.06.2016 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:
-Недвижност во Скопје, со сите припадоци и прирастоци, доградби и надградби, на КП 2416, дел 1, КО Бутел, запишана во имотен лист бр.16347 при АКН на РМ – ЦКН Скопје со следните ознаки:
број на зграда 1, намена на зграда помошни простории, влез 1, кат ПО, површина од 160м2;
број на зграда 1, намена на зграда стан во семејна зграда, влез 1, кат ПР, површина од 160м2;
сопственост на заложниот должник [redacted]
и
-810/867 идеален дел од земјиште, со сите припадоци и прирастоци, доградби и надградби, викано место Приштинска, на истата КП 2416 дел 1, КО Бутел, запишано во имотен лист бр.7544 при АКН на РМ – ЦКН Скопје со следните ознаки:
култура 50000 1, површина 214 м2;
култура 50000 2, површина 22 м2;
култура дм, површина 631 м2;
сосопственост на заложниот должник [redacted]

Продажбата ќе се одржи на ден 28.06.2016 година во 12 часот во просториите на извршител Зоран Петрески од Скопје, ул.Св.Климент Охридски бр.21 А/2 Скопје, тел: 02 - 3 207 207.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.406/16, изнесува 13.069.430,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: хипотека во корист на Халк банка АД Скопје.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан не го задржува правото да домува тука и е должен зградата односно станот да ги испразни во рок од 60 дена од денот на донесувањето на Заклучокот за продажба, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10(една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста. Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.200002491876448 во Стопанска Банка АД Скопје, најдоцна 1 (еден) ден пред продажбата.

Даночните обврски по основ на продажбата паѓаат на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање. Најповолниот понудувач-купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а од положената гаранција ќе се намират трошоците на новата продажба и ќе се надомести разликата меѓу цената постигната на поранешната и на новата продажба.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен весник Нова Македонија.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

Д.-на: доверител
должник
заложен должник
Град Скопје - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци, такси и други надоместоци
Министерство за транспорт на РМ
Влада на РМ

09.06.2016

X

Извршител Зоран Петрески